Република Македонија
АПЕЛАЦИОНЕН СУД
Су 03-1084/17-7
20.11.2017 год
СКОПЈЕ
ПОШТ ФАХ 80

АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ

## ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

- Апелационен суд Скопје се залага за навремено и квалитетно решавање на предметите во надлежност на Судот;
- Апелационен суд Скопје остварува непристрасно применување на правото независно од положбата и својството на странките;
- Апелациониот суд Скопје се грижи за заштита, почитување и унапредување на човековите права и основни слободи;
- Апелациониот суд Скопје обезбедува еднаквост, рамноправност, недискриминација по кој било основ;
- Апелациониот суд Скопје обезбедува правна сигурност врз основ на владеење на правото;
- Апелациониот суд Скопје создава и обезбедува услови на граѓаните за побрз пристап до правдата (судот) и остварување на принципите за судење во разумен рок;
- Апелациониот суд Скопје обезбедува јавност и транспарентност во работењето на Судот, достапност на потребните податоци за остварување на процесните права на странките и навремена информираност на странките и јавноста за одлуките на Судот;
- Апелациониот суд Скопје доследно ги спроведува одредбите од материјалните и процесните закони и нивните подзаконски акти, Законот за судовите, Законот за судска служба и Судскиот деловник;
- Апелациониот суд Скопје ги применува ратикуфаните меѓународни акти, како и конечните и извршни одлуки на Европскиот суд за човекови права, Меѓународниот казнен суд или друг суд чија надлежност ја признава Република Македонија, согласно одредбите на член 18 став 4 и 5 од Законот за судовите;
- Апелациониот суд Скопје дава правна помош на подрачните основни судови;
- Апелациониот суд Скопје изготвува анализи, информации, укажувања, сентенции и друго кои ќе помогнат во правилната примена на правото;
- Апелациониот суд Скопје врши согледување на работата на самиот суд , како и на работата на подрачните основни судови преку извештаи за работа на судовите, посебно за причините на старите незавршени предмети, низ посетите на основните судови и при решавањето на конкретните предмети во жалбена постапка;
- Апелациониот суд Скопје организира средби и советувања со подрачните основни судови во врска со работата на судиите; средби на ниво на апелациони судови за уедначување на судската практика; со Врховниот суд на Република Македонија, адвокатурата, државните органи, посебно со Здружението на судии на Република Македонија и Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија во врска со едукацијата на судиите;
- Апелациониот суд Скопје воспоставува стабилен и ефикасен организациски систем согласно актот за систематизација на Апелациониот суд Скопје;
- Апелационен суд Скопје спроведува идентификација, планирање, воведување, контрола и постојано унапредување на сите процеси кои имаат влијание врз квалитетот на услугите;
- Апелационен суд Скопје го поддржува Системот за Управување со Квалитет во согласност со барањата на меѓународниот стандард ISO 9001:2015. Во врска со тоа извршува идентификација, планирање, воведување, контрола и континуирано подобрување на сите процеси кои имаат влијание врз квалитетот на работењето;
- Апелационен суд Скопје се стреми навремено да ги идентификува ризиците во работењето, проактивно да управува со нив заради унапредување на услугите, процесите и Системот за управување со квалитет;
- Претседателот на Апелационен суд Скопје, Судскиот администратор и Претседателите на одделите обезбедуваат мотивираност, вклученост и посветеност кон остварување на стратешките определби и цели;
- Претседателот на Апелациониот суд Скопје, Судскиот администратор и Претседателите на одделите периодично вршат контрола на политиката, функционирањето на системот за управување со квалитет, исполнувањето и поставувањето на нови цели за квалитет.

Скопје, 20.11.2017 г.

Претседател на Судот
Љиљана Ивановска Шопова

Република Македонија Апелационен суд Скопје